

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.40, МЕСЕЦ
МАЈ 2022

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ПРВИТЕ КОЈА ВЕЌЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА 10 ЈАВНИ ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ СО ВКУПНА ИНСТАЛИРАНА МОЌ ОД 19,2 КИЛОВАТИ НА ЧАС"
ПРВИ ОБЈЕКТИ НА КОИ СЕ ПОСТАВИЈА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ ВО ИЗМИНАТИОТ МЕСЕЦ СЕ ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА И ОД ДЕНЕС О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ПА ПОТОА СЛЕДУВААТ И ОСТАНАТИТЕ КОИ СЕ ПЛАНИРАНИ.
ОПШТАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ИСКОРИСТУВАЊЕТО НА СОНЧЕВАТА ЕНЕРГИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ШТЕТНИ ГАСОВИ И ЗАГАДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. ВО КАВАДАРЦИ ЗА ПРВПАТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВАКОВ ИНОВАТИВЕН ПРОЕКТ СО КОЈ ЌЕ СЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ БИДЕЈЌИ ОВИЕ ФОТОНАПОНСКИ СИСТЕМИ РАБОТАТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.
ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ ДОВЕДАТ ДО ГОЛЕМИ ЗАШТЕДИ ВО БУЏЕТИТЕ НА УЧИЛИШТАТА СО ШТО ВО ГОЛЕМА МЕРА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИДНИ ПРОЕКТИ .



ПОСТАВЕНО Е И ВЕЌЕ ВО ФУНКЦИЈА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТРИ УЛИЦИ НИЗ ГРАДОТ И ТОА „ГЛИГОР ХАЏИ ЈОРДАНОВ" „ЃОРЃИ РУСКОСКИ" И ДЕЛ ОД „ПЕТРЕ ТОДОРОВ".

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДИГАЊЕ НА НОВА ЗЕЛЕНА ПОВРШИНА ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА БУЛ.„НИКОЛА МИНЧЕВ" И БУЛ.„ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ".





НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ ЗАПОЧНА САДЕЊЕТО НА ПРОЛЕТНО ЦВЕЌЕ, НИСКО СТЕБЛЕСТИ РАСТЕНИЈА - ГРМУШКИ.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ – ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР".

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПОСТАВЕНО Е НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАРКИНГ НА ЗГРАДИТЕ СИЛЕКС, ПАТЕКАТА И ПАРКИНГОТ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА И УЛИЦА „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ".

НОВ СЕТ ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА ДОНИРАШЕ ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИСКАЖА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ДОНИРАНАТА ОПРЕМА, А ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА БЕКИМ МАКСУТИ ГО ПОЗДРАВИ РАБОТЕЊЕТО НА КАВАДАРЕЧКАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА. НАЈАВИ И НОВИ ДОНАЦИИ ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД.
КОМАНДИРОТ НА КАВАДАРЕЧКАТА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА, АЛЕКСАНДАР ЧАДАМОВ ИСТО ТАКА СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА ДОНИРАНАТА ОПРЕМА И УПАТИ АПЕЛ ГРАЃАНИТЕ ДА БИДАТ ВНИМАТЕЛНИ ВО ОВОЈ ПЕРИОД КОГА ЗАКАНИТЕ ОД ПОЖАРИ СЕ ГОЛЕМИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПОСТАВЕНА Е ОГРАДА ВО СЕЛО МАРЕНА (ДОЛОТ) ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ .

ЗАМЕНА НА ОШТЕТЕН КАПАК ОД КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО ТЕНЕЌЕ МААЛО И САНИРАЊЕ НА ДЕФЕКТ НА УЛИЦА ЛЕНИНОВА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



САНИРАЊЕ НА СЛИВНА РЕШЕТКА НА УЛИЦА КИРО КРСТЕВ НА СПОЈ СО УЛИЦА ДИМЧЕ МИРЧЕВ.

ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" КОЈА Е ВО РАМКИ НА „ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА". ИСТАТА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 609 М. И ОПФАТЕНИ СЕ ДВЕТЕ КОЛОВОЗНИ ЛЕНТИ .





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО РАМКИТЕ НА ПРВАТА ПРОЛЕТНА АКЦИЈА СЕ ИЗВРШИ ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ. ПЛАНИРАНО Е ДА БИДАТ ТРЕТИРАНИ СО МАМЦИ НАД 1000 ШАХТИ ОД ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ИЗВЕДУВАЧ Е ЛИСА КОМ МС ДООЕЛ





ВО ТЕК Е ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ НАЈАВИ ДЕКА ОД СЕПТЕМВРИ ЌЕ СЕ ОТПОЧНЕ СО ИЗГРАДБА И НА СПОРТСКА САЛА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОЕКТ ВРЕДЕН 2,2 МИЛИОНИ ЕВРА, ГРАНТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА, СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО КАВАДАРЦИ. НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВЕЌЕ ПОЧНА ДА СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, НО И ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНАТА ОД АТМОСФЕРСКАТА.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГЕРМАНСКАТА БАНКА ИЗВРШИЈА УВИД ВО ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦА „ВАРДАРСКА“. ПОБАРАА ТРПЕНИЕ ОД ГРАЃАНИТЕ ПОРАДИ ЗАБАВУВАЊЕТО КОЕ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО СООБРАЌАЈОТ СООГЛЕД НА ПОГОЛЕМИ ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ НАРЕДНИТЕ МЕСЕЦИ. УЛИЦИТЕ КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ВРШАТ ПРОКОПИ ПО ЗАВРШЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ БИДАТ ВРАТЕНИ ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА.



ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СЕЛО ДРЕНОВО.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ПРВАТА ФАЗА ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА СО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ .





ВО О.О.У .„СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ СЕ РАБОТИ НА РЕНОВИРАЊЕ НА ФАСАДАТА, А СЕ РЕНОВИРА И ВНАТРЕШНОСТА . УЧИЛИШТЕТО ГО ПОСЕТИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, КОЈ НАЈАВИ И УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

САНИРАЊЕ НА СЛИВНА РЕШЕТКА НА УЛ. ДИМЧЕ МИРЧЕВ СПОЈ СО УЛ. М. Џ. ЏИКОТ.



ПОБИВАЊЕ НА УЛ. „БЛАГОЈ ДАФКОВ" ПОКРАЈ УЧИЛИШТЕТО ВО ГЛИШИЌ И ПОВРЗУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ „МЛАДОСТ" И „ЃУРО ЃАКОВИЌ".
КОНЕЧНО ГРАЃАНИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ ЌЕ ДОБИЈАТ УЛИЦА КОЈА Е ПАРАЛЕЛНА НА „ШИШКА" И ЌЕ МОЖАТ ДА СИ ГИ ИЗВРШУВААТ ОБВРСКИТЕ БЕЗ ДА ТРЕБА ДА СЕ ПРИКЛУЧУВААТ НА ИСТАТА



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА САДЕЊЕТО НА ПРОЛЕТНО ЦВЕЌЕ И НИСКО СТЕБЛЕСТИ РАСТЕНИЈА - ГРМУШКИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.





ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛ. „ДИСАНСКА" СО НОСИВ СЛОЈ БНС 22, КОЈА Е ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА.
ИСТОТО ЌЕ БИДЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 325М, И ПРОШИРУВАЊЕ НА КОЛОВОЗОТ ВО ШИРИНА ОД 8.5 МЕТРИ

СЕНЗОРНА СОБА Е ОПРЕМЕНА ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „НИКОЈ ДА НЕ БИДЕ ЗАБОРАВЕН" ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО КАВАДАРЦИ. ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗЕЛС И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ПОСЕТИЈА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР. СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ТОДОР ЕФРЕМОВ И ДИРЕКТОРКАТА НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВЕСНА ДАМЈАНОСКА НАЈАВИЈА ДЕКА ВО ТЕК Е ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА ПОДЗЕМНОТО СНИМАЊЕ И ВАДЕЊЕ НА КОЦКИ НА УЛИЦАТА „ФУШТАНИ" ПО ШТО СЛЕДЕШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА  НОВА КАНАЛИЗАЦИЈА.



СЕ РАБОТИ НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР, ВТОРА ОД УЛИЦИТЕ НА КОИ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, НО И ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНАТА ОД АТМОСФЕРСКАТА.
ОВА Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ВРЕДЕН 2,2 МИЛИОНИ ЕВРА, ГРАНТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА



# НАСТАНИ

119 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ И БОРЕЦ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ.






ПОЛИЦИЈАТА - ПРИЈАТЕЛ СО МЛАДИТЕ.
ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ТУРНИРОТ ВО МАЛ ФУДБАЛ ПОМЕЃУ КАВАДАРЕЧКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ И МЛАДИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ВО ПРЕСРЕТ НА 7 МАЈ.

„ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД" ВО КАВАДАРЦИ.



КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ДРУГИ 25 ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ПРИКЛУЧИ НА НАЈГОЛЕМАТА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ЗАЕДНО СО ПАКОМАК И МЕН ЕНД МАУНТЕН, КАКО НАЈГОЛЕМАТА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ ОТПАД, А ВО ИСТАТА МОЖЕШЕ ДА СЕ ВКЛУЧИ БУКВАЛНО СЕКОЈ КОЈ СЕ ГРИЖИ ЗА ЗДРАВА И ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВОЗРАСТА.
ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ТРАЕШЕ ОД 6 ДО 8 МАЈ. А ВО КАВАДАРЦИ СЕ СПРОВЕДИ НА 06 (ПЕТОК), БЛАГОДАРЕНИЕ НА СИТЕ ПРИЈАВЕНИ ВОЛОНТЕРИ, СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ДЕЛ ОД МОЈ ОПШТИНАР, НА ТРИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.

ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОЛОЖИ ЦВЕЌЕ И ОДДАДЕ ПОЧИТ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 31 ГОДИНА ОД СМРТТА НА САШКО ГЕШОВСКИ.
НА 6 МАЈ 1991 ГОДИНА, ТРАГИЧНО ЗАГИНА САШКО ГЕШОВСКИ, ПРИПАДНИК НА ЈНА. РОДЕН ВО КАВАДАРЦИ. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗАМИНАЛ НА ОТСЛУЖУВАЊЕ НА ВОЕНИОТ РОК ВО ЈНА ВО СПЛИТ – ХРВАТСКА.
НА 6 МАЈ 1991 ГОДИНА ВО НЕГО ПУКАЛ МАСКИРАН ПРИПАДНИК НА МУП НА ХРВАТСКА И СМРТНО ГО ПОГОДИЛ СО 4 КУРШУМИ. ГЕШОВСКИ ВО КРИТИЧНИОТ МОМЕНТ БИЛ НА ЗАДАЧА ПРЕД ЗГРАДАТА НА ВОЕНО ПОМОРСКАТА ОБЛАСТ ВО СПЛИТ. ТОЈ БЕШЕ ПРВАТА ЖРТВА ВО КОНФЛИКТОТ ШТО ПРЕДИЗВИКА РАСПАД НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1991 ГОДИНА. НА 7 МАЈ ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ПРОТЕСТЕН МИТИНГ НА КОГО УЧЕСТВУВУВАШЕ РЕЧИСИ ЦЕЛОТО НАСЕЛЕНИЕ ОДГРАДОТ И ОКОЛИНАТА, ЗА ДА ГО ИСКАЖАТ СВОЈОТ РЕВОЛТ ЗА СМРТТА НА СВОЈОТ СОГРАЃАНИН , КОИ ПАЛЕА СВЕЌИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО ЧЕСТ НА ГЕШОВСКИ. НЕГОВОТО ТЕЛО СО ВОЕН ХЕЛИКОПТЕР БЕШЕ ПРЕНЕСЕНО ВО КАВАДАРЦИ. НА ПОГРЕБОТ ПРИСУСТВУВАА ПОВЕЌЕ ОД 20.000 ГРАЃАНИ, ДОЈДЕНИ ОД СИТЕ КРАИШТА НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА. ВО КАВАДАРЦИ БЕШЕ ПРОГЛАСЕНА ТРИДНЕВНА ЖАЛОСТ.

ЕДНА ГОДИНА ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО „САШКО ГЕШОВСКИ"

ЧЛЕНОВИТЕ НА ДПД ИНИЦИРАА ЕДНА УЛИЦА, БУЛЕВАР ИЛИ КРУЖЕН ТЕК ДА ГО НОСИ ИМЕТО НА САШКО ГЕШОВСКИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО „ТИКВЕШКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ" ВО ПЕРИОДОТ ОД 06.05.2022 ДО 08.05.2022 ГОДИНА ОРГАНИЗИРАШЕ „ДЕН НА СТАНУШИНАТА".



СЕДУМ МЕДАЛИ ЗА КАВАДАРЕЧКИТЕ НАЈМЛАДИ ЏУДИСТ. На државното првенство за пионери и деца 10 кавадречки џудисти освоија 2 злата, 3 сребра и 2 бронзиКавадарци беше домакин на Државното првенство за Деца и Пионери/ки . Во салата на ДГС Партизан Кавадарци во организација на Џудо Клуб Кожувчанка учествуваа околу 160 натпреварувачи од сите клубови. ЏК Кожувчанка од Кавадарци зеде учество со 10 натпреварувачи во машка и женска конкуренција. Нашиот клуб освои 7 медали од кој две златни, три сребрени и 2 бронзени :Пионери/ки, Никола Петров 1 место до 73кг, Душко Јовески 2 место до +73кг, Јован Димитров 3 место до 38кг,Дариа Јованова 3 место до 48кг,Деца Ристе Врвцовски 1 место до 42кг ,Кристијан Ристов 2 место до 38кг, Наташа Јанчева 2 место до 28кг .Исто така одлични борби прикажаа и Андон Иванов, Георги Тодорчев и Дамјан Темков кој загубија во репасажот во борба за 3 место.



СЕ ОДБЕЛЕЖУВАШЕ 9 МАЈ КАКО ДЕН НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ И ДЕН НА ЕВРОПА, ВО ЗНАК НА СЕЌАВАЊЕ НА ЗАВРШУВАЊЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО ЕВРОПА ВО 1945 ГОДИНА И ПОЧЕТОК НА СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ПЕТ ГОДИНИ ПОДОЦНА.
ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА - КАВАДАРЦИ БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА НАСЛОВЕНА "ТИКВЕШИЈАТА ВО НОВ 1941 – 1945 ".



## ТРИ МЕДАЛИ ЗА КАВАДАРЕЧКИТЕ КИК БОКСЕРИ ВО БЕЛГРАД

Кик бокс клубот Кавадарци настапи со 3 борци и сите освоија медали, а Филип Ризов покажа дека е во одлична форма. Кик Бокс клубот „Кавадарци“ викендов зеде учество на престижниот меѓународен турнир „Трофеј на Белгрсад“ во соседна Србија каде настапи со тројца натпреварувачи. Сите кавадаречки кик боксери се закитија со медали и тоа Филип Ризов освои злато, а Диме Благојески и Дарко Недев освоија бронзи. Да споменеме дека една од најдобрите борби на турнирот од која сите биле воодушевени како учесниците така и стручните лица но и коментаторите беше финалето во кое настапи Филип Ризов. Двајцата борци покажаа завидно ниво на техника, брзина и кондиција и ги пленија срцата и ги собраа аплаузите од сите во салата.Клубот изрази и јавна благодарност до професорот Сашко Калеов за одвоеното време, и стручната помош во подготовките на нашите борци.



# НАСТАНИ

Ракометниот куп на Македонија 2022 година за мажи и жени  се одигра викендот од 13ти до 15ти Мај во с.с Јасмин, Кавадарци.




ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАШЕ ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СО ОКОЛУ 280 ОД НИВ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.



Со поставувањето на електронска табла на влезот на општинската зграда, граѓаните ќе имаат можност преку известувања и соопштенија да бидат информирани за активностите кои се од интерес и за граѓаните и за Општина Кавадарци .




ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ТАНЦОВ БОДОВЕН НАТПРЕВАР „ТИКВЕШ ДЕНС“, ОРГАНИЗИРАН ОД ТАНЦОВИОТ СПОРТСКИ КЛУБ „ЛИНЕА“.



# НАСТАНИ

ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МУЗЕИТЕ 18 МАЈ
ВО КАВАДАРЕЧКИОТ ВИНСКИ МУЗЕЈ ИМАШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА „ ВО ЧЕСТ НА ВИНОТО...НИЗ ВРЕМЕТО".





ЕКОЛОШКА АКЦИЈА

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ИПО ЈАДРАН НАРЕЧЕНА „ ИСЧИСТИ ЈА ПЛАНИНАТА - МАКЕДОНИЈА„ ИЗВИДНИЧКИОТ ОДРЕД АВАНТУРИСТИ КАВАДАРЦИ СЕ ПРИКЛУЧИ СО 20 ВОЛОНТЕРИ КОИ УСПЕШНО ГО ИСЧИСТИЈА ПАТОТ ОД МАНАСТИРОТ СВЕТИ СПАС НА ЉУБАШ ДО ГЛАВНИОТ АСФАЛТ КАДЕ ШТО СЕ ПОВРЗУВА. НА ОВАА АКЦИЈА СЕ НАПОЛНИЈА ЦЕЛА ПРИКОЛИЦА ЃУБРЕ, СМЕТ И ШУТ. ПРЕКУ ОВАА АКЦИЈА САКАВМЕ ДА АПЕЛИРАМЕ ЃУБРЕТО ДА СЕ ФРЛА НА СООДВЕТНО МЕСТО И СО ТОА ДА ЈА СПАСИМЕ ПРИРОДАТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ.

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ОКОЛУ 30 УЧЕНИЦИ ОД 13 ДО 18 ГОДИНИ ОД ХРВАТСКА, ТУРЦИЈА, ИТАЛИЈА И РОМАНИЈА, КОИ ВО РАМКИТЕ НА МЛАДИНСКА РАЗМЕНА ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА ЧИЈ ДОМАЌИН Е ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ", ОД СЕЛО ВАТАША ПРЕСТОЈУВААТ ВО НАШИОТ ГРАД.ТИЕ ПОСЕТАТА ЈА ИСКОРИСТИЈА ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ, ПОСТАВЕНОСТА И РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ПРИТОА НЕ ГО КРИЕЈА ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ОНА ШТО ГО ВИДЕЛЕ ПРИ НИВНИОТ ПРЕСТОЈ ВО КАВАДАРЦИ, НАЈМНОГУ НЕГОВОТО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И ГОСТОПРИМЛИВОСТА. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ПАК ИМ ПОТЕНЦИРА ДЕКА ОПШТИНАТА ГО ПРАКТИЦИРА ВОЛОНТЕРСТВОТО ЧЕСТО И ВО МНОГУ ОБЛАСТИ, СПОМЕНУВАЈЌИ И НЕКОЛКУ ПРОЕКТИ НА КОИ СЕ РАБОТИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР КОЈ ФУНКЦИОНИРА ОДЛИЧНО.ВОЕДНО ГИ ИНФОРМИРАШЕ ДЕКА ИМА ВОЛОНТЕРИ КОИ НАЈПРВО ДОАЃААТ ДА ВОЛОНТИРААТ ПА ОДЛУЧУВААТ ДА ОСТАНАТ ВО КАВАДАРЦИ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА МОЈ ОПШТИНАР ИМАШЕ СРЕДБА СО НОВО ИЗБРАНИТЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА КОЈА ИМ ГО ЧЕСТИТАШЕ НОВИОТ МАНДАТ И ИМ УПАТИ БЛАГОДАРНОСТ. НОВОИЗБРАНИТЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ ГИ ДОСТАВИЈА СВОИТЕ БАРАЊА И УРГЕНЦИИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, ИНФРАСТРУКТУРАТА И КОМУНАЛНАТА ДЕЈНОСТ, ЗА ШТО Е ПОТРЕБНО ДА ИЗРАБОТАТ И ПРОГРАМА НАЈДОЦНА ДО ОКТОМВРИ ГОДИНАВА, КОЈА ПАК ЌЕ ВЛЕЗЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА.



# НАСТАНИ

ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ ВО КАВАДАРЦИ!
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ГОРАН СТОЈАНОВ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УНДП И ДИРЕКТОРОТ НА БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИСУСТВУВАШЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА ПАРАДА СОСТАВЕНА ОД ДЕСЕТ МОТОРНИ ВОЗИЛА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА, ОД СТРАНА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ.
СПРАВУВАЊЕТО СО ОГНЕНИТЕ СТИХИИ, КОИ СЕ НАЈГОЛЕМ ПРОТИВНИК НА ПОЖАРНИКАРИТЕ, ПРЕТСТАВУВА ЗНАЕЊЕ, СТЕКНАТО ИСКУСТВО, МАКОТРПНА РАБОТА, А НАЈМНОГУ ХРАБРОСТ, ОДЛИКА КОЈА Е СВОЈСТВЕНА ЗА СЕКОЈ ПОЖАРНИКАР.
ВАШАТА ПОДГОТВЕНОСТ, ПОЖРТВУВАНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ, ПРИДОНЕСУВААТ НЕ САМО ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕЧКИ ЖИВОТИ, ТУКУ И НА МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА.
НЕКА Е ЧЕСТИТ ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ !




ЗДРУЖЕНИЕТО „Ж`ТА“ ОД КАВАДАРЦИ ВО ВИНСКИОТ МУЗЕЈ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ ПРВИОТ ФЕСТИВАЛ НА РАКИЈА ВО МАКЕДОНИЈА.



## МЛАДИНЦИТЕ НА ГФК ТИКВЕШ ШАМПИОНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ЛИГА

КАВАДАРЕЧКИТЕ МЛАДИНЦИ ГО ДОБИЈА И ЗАСЛУЖЕНО ОСВОЕНИОТ ПЕХАР ВО НИВНА КОНКУРЕНЦИЈА.




ПОЖАРОТ КОЈ ИЗБИ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЦРВЕН КРСТ Е ИЗГАСНАТ НАВРЕМЕНО. ИСТИОТ БИЛ ПРИЈАВЕН ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ И ВЕДНАШ БИЛО ПРИСТАПЕНО И ИНТЕРВЕНИРАНО ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ СО 4 ВОЗИЛА И 9 ПОЖАРНИКАРИ.

И ПОКРАЈ ТОА ШТО Е НАПРАВЕНА ЗНАЧИТЕЛНА МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА, СЕПАК НАЈВАЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА СЕ СПАСЕНИ.

# СООПШТЕНИЕ

ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД РАМАЗАН БАЈРАМ

ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ ОД МУСЛИМАНСКА ВЕРОИСПОВЕД. НЕКА ВИ Е ЧЕСТИТ И ВЕКОВИТ ПРАЗНИКОТ РАМАЗАН БАЈРАМ!

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ОВОЈ ГОЛЕМ ИСЛАМСКИ ПРАЗНИК НЕ ПОТСЕТУВА ДЕКА ВЕРАТА, ПОСВЕТЕНОСТА И МОЛИТВАТА ДАВААТ ДУХОВЕН МИР, А ПОЧИТУВАЊЕТО НА БЛИСКИТЕ И СПОДЕЛУВАЊЕТО СО ОНИЕ КОИ ИМААТ ПОМАЛКУ, СЕ УНИВЕРЗАЛНИ ВРЕДНОСТИ ЗА КОИ СИТЕ СЕ ЗАЛАГАМЕ. ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ РЕЛИГИИТЕ И ВЕРСКИТЕ УВЕРУВАЊА ЗА УБАВИ НЕШТА. ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТОЛЕТНАТА ТРАДИЦИЈА НА ПРИЈАТЕЛСТВО, ЕДИНСТВО И ХАРМОНИЈА ВО ЗАЕДНИЧКОТО ЖИВЕЕЊЕ, ЗАТОА ШТО ГРАЃАНИТЕ СО ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД СЕ НЕРАСКИНЛИВ ДЕЛ ОД НАШЕТО ОПШТЕСТВО.

ВИ ПОСАКУВАМ ПРИЈАТНИ ДЕНОВИ ИСПОЛНЕТИ СО МИР И БЛАГОСОСТОЈБА.

ЗА МНОГУ ГОДИНИ МИТКО ЈАНЧЕВ!

МОЈ ОПШТИНАР ЌЕ ЗАПОЧНЕ СО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА МАПИРАЊЕ НА ЈАВНИ ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ И ТРОТОАРИ ЗА НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ. ЗАТОА Е ПОТРЕБНО ВО РОК ОД 15 ДЕНА ПОЧНУВАЈЌИ ОД 19 МАЈ ДА СЕ ПРИЈАВАТ СИТЕ ЛИЦА И ДА ОСТАВАТ СВОИ ПОДАТОЦИ НА БРОЈОТ 13-300 ВО 24/7 КОЛ ЦЕНТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ЦЕЛ ПРАВИЛНО И ПРЕЦИЗНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТИОТ.

ПРЕКУ ЈАВНО ИЗВЛЕКУВАЊЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОДЕЛИ СУБВЕНЦИИ ЗА СТО ГРАЃАНИ КОИ НАБАВИЛЕ ВЕЛОСИПЕД. СУБВЕНЦИЈАТА Е ВО ИЗНОС ОД 3000 ДЕНАРИ, А ПРИСТИГНАЛЕ 120 АПЛИКАЦИИ.

# СПОРТ

НА СТАДИОНОТ „МЛАДОСТ" ВО СТРУМИЦА, ГФК ТИКВЕШ ИГРАШЕ ПРОТИВ ФК ВОСКА ОД ОХРИД.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОРГАНИЗИРАШЕ БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ СО ДЕСЕТ АВТОБУСИ ЗА НАВИВАЧКАТА ГРУПА, И ЗА СИТЕ ОСТАНАТИ КОИ САКАА ДА ГО СЛЕДАТ НАТПРЕВАРОТ ВО ЖИВО. РЕЗЛУТАТОТ ЗАВРШИ СО ПОБЕДА НА НАШАТА ГОРДОСТ ГФК ТИКВЕШ СО 4-1 ВОСКА.

СТАТУС ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ

ПОЧИТУВАНИ ИГРАЧИ И ТИМ НА ГФК ТИКВЕШ!
КАКО ПРВ ЧОВЕК НА ГРАДОТ, ВОЕДНО И НАШИОТ ГРАДСКИ КЛУБ ГФК ТИКВЕШ, СО НЕТРПЕНИЕ ЧЕКАМ ДА ЗАВРШИ НАТПРЕВАРОТ И ДА ВЕ ПРЕЧЕКАМ ВО НАШИОТ ГРАД КАВАДАРЦИ. КАКО И ВО МНОГУ РАБОТИ, ТАКА И ВО ФУДБАЛОТ КАВАДАРЦИ БИЛО И ЌЕ БИДЕ. ВАШАТА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ Е НАША ГОРДОСТ МОМЦИ, ДО КРАЈ!
НАПРЕД ЗА ПОБЕДА !
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ, А НИЕ ЗА КАВАДАРЦИ !
СО ПОЧИТ,
ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ.



# 11 СЕДНИЦА

11-ТА СЕДНИЦА НА КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ: ДОНЕСЕНИ ПОВЕЌЕ ЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ

ОД ПРВИ СЕПТЕМВРИ ДЕЦАТА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ СЕМЕЈСТВА И ЧИИ РОДИТЕЛИ ИМААТ ПЛАТА ПОД ПРОСЕЧНАТА ЌЕ СЕ ЗГРИЖУВААТ ВО ГРАДИНКА БЕЗ ДА ПЛАЌААТ НАДОМЕСТ, ОВА Е ОДЛУКАТА ШТО ДЕНЕСКА ЈА ДОНЕСЕ КАВАДАРЕЧКИОТ СОВЕТ, А КОЈА ШТО Е УСЛОВЕНА И СО РЕДОВНО СЕРВИСИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА БЛОК ДОТАЦИИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА. ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОК ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА ЈА ПОДНЕСЕ СОВЕТНИКОТ ОД ЛЕВИЦА, КРУМЕ БОГЕВСКИ, А СОВЕТОТ ВОДЕШЕ ДОЛГА ДЕБАТА ОКОЛУ ПРИФАЌАЊЕТО НА ИСТАТА И ИМПЛИКАЦИИТЕ КОИ ЌЕ ГИ ДОНЕСЕ ПО БУЏЕТОТ.

НА СЕДНИЦАТА ПОМИНАА ИЗМЕНИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, КАКО И ОДЛУКАТА ЗА ДУП ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА „БРИОНИ" ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025 ГОДИНА. ПОМИНАА И ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2022 ГОДИНА.

СОВЕТНИЦИТЕ ГИ РАЗГЛЕДАА И УСВОИЈА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ „ЈАСМИН", ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА „ПАРКИНГ" КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.

НА ДЕНЕШНАТА ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА СЕ ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ НА КРУЖНИОТ ТЕК КОЈ ЌЕ СЕ ИМЕНУВА ПО ПРВИОТ ЗАГИНАТ ВОЈНИК ПРИ РАСПАДОТ НА СФРЈ САШКО ГЕШОВСКИ. ЌЕ БИДЕ ИЗРАБОТЕНО ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ГЕШОВСКИ.

СОВЕТОТ ЕДНОГЛАСНО ГО УСВОИ ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТА ОД МРАЗ, СЛАНА И НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ДЕНОВИТЕ 08, 09 И 10 АПРИЛ МИНАТАТА ГОДИНА.



# ИНТЕРВЈУ



ИНТЕРВЈУ НА "STANICA.MK" СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-МИТКО ЈАНЧЕВ

ИНФОРМАТИВНАТА ЕКИПА НА ИНФОРМАТИВНИОТ ПОРТАЛ "STANICA.MK", БЕШЕ ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАДЕ НАПРАВИВМЕ ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ, ЧОВЕКОТ КОЈ ШТО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈА ВОДИ КОН ЕДЕН ЕВРОПСКИ – МОДЕРЕН ПАТ. НА ВЛЕЗОТ ВО КАВАДАРЦИ, КАКО И НИЗ САМИОТ ГРАД, ПРЕКРАСНА ГЛЕТКА, УБАВО СРЕДЕНИ – АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ, ФОНТАНИ, ПАРКОВИ, ЗЕЛЕНИЛО, КРУЖНИ ТЕКОВИ... СО ЕДЕН ЗБОР, ГРАДОТ ФУНКЦИОНИРА ВО ЕДЕН ПРИРОДЕН, НО СЕПАК СОВРЕМЕН РИТАМ. ОТКАКО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ МИТКО ЈАНЧЕВ, ПРИЈАТНО НЕ ПРЕЧЕКА ВО НЕГОВИОТ КАБИНЕТ, ГО ОТПОЧНАВМЕ НАШИОТ РАЗГОВОР...

Г-ДИНЕ ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ, ДЕНЕСКА ЗАПОЧНА ПРВАТА ФАЗА ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА СО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ... ПОСТОЈАНО НЕШТО РАБОТИТЕ, ВАЖИТЕ ЗА ДОСТА УСПЕШЕН ГРАДОНАЧАЛНИК, КАКО И ЗА ЧОВЕК КОЈ ШТО СЕКОГАШ Е ОТВОРЕН ЗА СВОИТЕ ГРАЃАНИ... НА ШТО СЕ ДОЛЖИ ВАКВАТА КОНСТАТАЦИЈА?

НАЈНАПРЕД САКАМ ПРЕД СЕ, ДА ВИ СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ ШТО ИНФОРМАТИВНИОТ ТИМ НА ИНФОРМАТИВНИОТ ПОРТАЛ "STANICA.MK" ЈА ПОСЕТИ НАШАТА ОПШТИНА, СЕ СО ЦЕЛ ЗА ДА ПРЕКУ ОВОЈ НАШ ДЕНЕШЕН РАЗГОВОР, ГИ ИНФОРМИРАМЕ ВАШИТЕ МНОГУБРОЈНИ ЧИТАТЕЛИ ЗА СЕТО ОНА ШТО ГИ ИНТЕРЕСИРА САМИТЕ НИВ, КАКО И ЗА АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА НА НАШАТА ОПШТИНА. ВО ОДНОС НА ВАШЕТО ПРВО ПРАШАЊЕ, САКАМ ДА НАГЛАСАМ ДЕКА МОЈАТА УСПЕШНОСТ КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ, ПРОИЗЛЕГУВА ПРЕД СЕ ОД МОЈАТА КОНТИНУИРАНА ПОСВЕТЕНОСТ КОН МОЈОТ ГРАД, КАКО ВО ПРЕТХОДНИОТ МАНДАТ, ТАКА И ВО ОВОЈ – НОВИОТ. ОБИЧНО, ЈАС САМ ЗА СЕБЕ НЕ ГОВОРАМ МНОГУ, ОСТАВАМ ДЕЛАТА ДА ГОВОРАТ ЗА МЕНЕ КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК, А ДЕЛАТА ГИ ПРЕПОЗНАВААТ МОИТЕ СОГРАЃАНИ. ИСТО ТАКА, УСПЕШНОСТА ВО ОДНОС НА МЕНАЏИРАЊЕТО, ДОАЃА И ОД УСПЕШНОТО МЕНАЏИРАЊЕ И СО МОЈАТА ПРИВАТНА КОМПАНИЈА, КАДЕ ШТО ОД МОИТЕ 20 ГОДИНИ УСПЕШНО СЕ ВКЛУЧИВ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОНА ВИСТИНСКО МЕНАЏИРАЊЕ СО ИСТАТА, А СТЕКНАТОТО МЕНАЏЕРСКО ПОЗНАВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ КОЕ ГО СТЕКНАВ ТАМУ, УСПЕШНО ГО ПРИМЕНУВАМ И ПРИ МЕНАЏИРАЊЕТО СО МОЈАТА ОПШТИНА.

ДАЛИ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДЕКА КАВАДАРЦИ КАКО ГРАД СЕ ДВИЖИ ВО ЕДЕН ЕВРОПСКИ ПРАВЕЦ?

ПА ДА, ТОА Е И ЦЕЛТА. МЕНЕ ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛ МИ Е ГРАЃАНИТЕ НА КАВАДАРЦИ ДА БИДАТ ЗАДОВОЛНИ И ДА СЕ ЧУВСТВУВААТ ЗАДОВОЛНО ВО СВОЈОТ ГРАД, А ЈАС СУМ ТУКА ПРЕКУ МОЕТО МЕНАЏИРАЊЕ, СЕКОГАШ ДА ИМ ИЗЛЕЗАМ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ БАРАЊА, ДА ГИ СОСЛУШАМ И ДА ГО ИЗНАЈДЕМЕ НАЈСООДВЕТНОТО РЕШЕНИЕ, А ТУКА СЕ И ПРОЕКТИТЕ КОИ ШТО ГИ ВЕТИВ ВО МОЈАТА ПРОГРАМА ЗА НАРЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ. КОГА СМЕ КАЈ ПРОГРАМАТА КОЈА ШТО ЈА ВЕТИВТЕ, ОТПРИЛИКА КОЛКУ ОД ИСТАТА Е РЕАЛИЗИРАНА ВО ОВОЈ КРАТОК ПЕРИОД ОТКАКО ПОВТОРНО, ПО ВТОР ПАТ СТЕ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ?

ЕВЕ, 6-7 МЕСЕЦИ ПОМИНАА ОТКАКО ПО ВТОР ПАТ ГРАЃАНИТЕ НА КАВАДАРЦИ, ПОВТОРНО МИ ЈА ДАДОА НИВНАТА ДОВЕРБА ЗА ДА МЕНАЏИРАМ СО ГРАДОТ, А ЈАС ПРЕД НИВ ИЗЛЕГОВ СО КОНКРЕТНА – РЕАЛНА ПРОГРАМА ЗА НАРЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ. ПРИ ШТО ЗА САМО 6-7 МЕСЕЦИ ОТКАКО СУМ ПОВТОРНО ГРАДОНА-

ЧАЛНИК, 30% ОД ВЕТЕНАТА ПРОГРАМА Е ЦЕЛОСНО РЕАЛИЗИРАНА, ПРИ ШТО СМЕТАМ ДЕКА ДО ПОЛОВИНА ОД ОВОЈ ВТОР МОЈ МАНДАТ, ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРАМ ЦЕЛОКУПНАТА ПРОГРАМА КОЈА ШТО ЈА ВЕТИВ ПРЕД МОИТЕ КАВАДАРЧАНИ, А ПОСЛЕ ТОА ЌЕ ПРОДОЛЖАМ КОН КРЕИРАЊЕ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА НОВИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ, КОИ СЕ РАЗБИРА ЌЕ БИДАТ ВО ИНТЕРЕС НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ. ВО ОВИЕ НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ, СЕ АСФАЛТИРАНИ ПОВЕЌЕ УЛИЦИ, ИЗВРШЕНА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИ НА СТАМБЕНИ ЗГРАДИ, НАПРАВЕНО Е ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА НА УЛИЦИ И ИГРАЛИШТА, ИЗВРШЕНА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ГОЛЕМ БРОЈ НА ДРУГИ ОСТАНАТИ ПРОЕКТИ. ИСТО ТАКА, САКАМ ДА НАГЛАСАМ ДЕКА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО КАВАДАРЦИ ИЗНЕСУВА САМО 4%.

ИМАМЕ ИНФОРМАЦИЈА ДЕКА И ДВАТА ХОТЕЛИ ВО КАВАДАРЦИ СЕ МОМЕНТАЛНО ПОЛНИ, А СЕТО ТОА ПОДРАЗБИРА ДЕКА КАВАДАРЦИ КАКО ГРАД Е ПРИМАМЛИВА ДЕСТИНАЦИЈА И ЗА ТУРИСТИТЕ. ДАЛИ СЕ СОГЛАСУВАТЕ СО ОВАА МОЈА КОНСТАТАЦИЈА?

-ДА, ТОЧНО ТАКА, ДВАТА ХОТЕЛИ ВО КАВАДАРЦИ СЕ ПОЛНИ СО ГОСТИ, И ЈАС ДЕНЕСКА ПРЕД МАЛКУ ЈА ДОБИВ ТАА ИНФОРМАЦИЈА. ВО ОДНОС НА ПРАШАЊЕТО, СМЕТАМ ДЕКА КАВАДАРЦИ КАКО ГРАД Е ДОСТА ПОСЕТЕН И НУДИ ГОЛЕМ БРОЈ НА КУЛТУРНИ СОДРЖИНИ, ПОСЕБНО ВО ЛЕТНИОТ И ЕСЕНСКИОТ ПЕРИОД, А ТУКА СЕ И ВИНАРИИТЕ КОИ ШТО ИСТО ТАКА СЕ ПРИМАМЛИВИ ЗА ТУРИСТИТЕ КОИ ДОАЃААТ ВО НАШИОТ ГРАД.

Г-ДИНЕ ГРАДОНАЧАЛНИК, ЕВЕ И ДОДЕКА ГО ПРАВИМЕ ОВА НАШЕ ИНТЕРВЈУ СО ВАС, ПОСТОЈАНО ВЕ БАРААТ, СЕ ГЛЕДА ДЕКА СТЕ РАСТРЧАНИ НА БЕЗБРОЈ СТРАНИ И ПОСВЕТЕНИ НА СВОЈАТА РАБОТА. ВРЗ ОСНОВА НА ОВА, САКАМ ДА ВЕ ПРАШАМ КОГА ИМАТЕ СЛОБОДНО ВРЕМЕ, ШТО ВЕ ОПУШТА НАЈМНОГУ, ДАЛИ СЕМЕЈСТВОТО, НЕКОЈ ВИД НА МУЗИКА, ИЛИ…?

СЕ ТРУДАМ И ПОКРАЈ СИТЕ ОБВРСКИ, ДА НАЈДАМ ВРЕМЕ И ЗА СЕМЕЈСТВОТО, БИДЕЈЌИ ТОА КАКО И СЕКОЈ ЧОВЕК-НАЈМНОГУ МЕ ОПУШТА. ЈАС ЖИВЕАМ ЗАЕДНО СО МОЈАТА МАЈКА, МОИТЕ ТРИ ДЕЦА И МОЈАТА СОПРУГА. НАЈМАЛОТО ДЕТЕНЦЕ ИМА САМО 4 ГОДИНИ, ПА ТАКА ДА КОГА СУМ НА ТЕРЕН, И КОГА СУМ ПРЕОКУПИРАН ОД ОБВРСКИ, А НЕ СУМ СЕУШТЕ ВРАТЕН ДОМА, ДОВОЛНО Е ДА СЕ ВИДАМ ПРЕКУ ВИБЕР СО МОИТЕ ДЕЦА, ПОСЕБНО СО НАЈМАЛАТА ЌЕРКИЧКА КОЈА ДОВОЛНО МИ Е ДА МИ КАЖЕ НЕШТО-ДА МЕ РЕЛАКСИРА МИНУТА-ДВЕ, А ПОСЛЕ, СЕТО ТОА МИ Е ДОВОЛНО ЗА ДА ПРОДОЛЖАМ СО МОИТЕ РАБОТНИ ОБВРСКИ.

ВЕЌЕ БЕШЕ ВРЕМЕ ДА ЗАМИНЕМЕ, А И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ИМАШЕ И ЕДЕН КУП ОБВРСКИ. НА КРАЈОТ НА НАШЕТО ИНТЕРВЈУ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ИСКРЕНО НЕ ПОЗДРАВИ, НИ ПОСАКА СРЕЌЕН ПАТ ЗА НАЗАД КОН ПРИЛЕП, И ИЗЈАВИ ИСКРЕНА НАДЕЖ ДЕКА НАШИОТ ИНФОРМАТИВЕН ПОРТАЛ И ПОНАТАМУ ОБЈЕКТИВНО И НАВРЕМЕНО ЌЕ ИЗВЕСТУВА ЗА СЕТО ОНА ШТО ГО РАБОТИ САМИОТ ТОЈ КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК И НЕГОВИОТ ТИМ, ЗА ПОДОБАР, ПОУСПЕШЕН И ПОУБАВ ГРАД, ОНАКА КАКО ШТО КАВАДАРЧАНИ НАВИСТИНА ЗАСЛУЖУВААТ.

НИЕ, ВЕДНАШ ПОСЛЕ ИНТЕРВЈУТО, ЈА НАПУШТИВМЕ ЗГРАДАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ДОДЕКА АУДИО-СНИМЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД НАПРАВЕНОТО ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ГО НОСЕВМЕ ДО АВТОМОБИЛОТ КАДЕ ШТО БЕВМЕ ПРЕТХОДНО ПАРКИРАНИ, СЕ СЛУШАШЕ ТИВКА МУЗИКА НА ХАРМОНИКА ОД ЕДЕН КАВАДАРЕЧКИ МУЗИЧАР (ПЕНЗИОНЕР), КОЈ ШТО ГИ ЗАБАВУВАШЕ МИНУВАЧИТЕ КОИ ПОМИНУВААТ НАСПРОТИ ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА. ТИВКАТА МУЗИКА, ЗЕЛЕНИЛОТО И МАЈСКИОТ ВЕТАР КОЈ ШТО "ПРИВИДНО БЛАГО" ДУВАШЕ ВО ГРАДОТ, СОЗДАВАА ЕДНО НЕОБИЧНО-ПРИЈАТНО УЖИВАЊЕ. И КАКО ВЕЛАТ, ГОЛЕМИНАТА НА КАВАДАРЧАНИ НЕ Е ВО НИВНАТА БРОЈНОСТ, ТУКУ ВО НИВНОТО ГОСТОПРИМСТВО И ДОБРИНА. А НИЕ, ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ ШТО ПОСКОРО ДА ЈА ПОСЕТИТЕ ОВАА ОПШТИНА, И ДА УЖИВАТЕ ВО ГРАДОТ КОЈ ШТО ГОВОРИ ЗА ВРЕМЕТО, ВИНОТО, АНТИКАТА И ТРАДИЦИЈАТА.

# МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ПО РАСПИШАНАТА ОДЛУКА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА МЕСНИ И УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА КАВАДАРЦИ, ВО 8 МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ БЕА ИЗБРАНИ

1.СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ГОРНА БОШАВА"
-ДАРКО НАЈДОВ
-ГОЦЕ ПОПОВ
-БЛАЖЕ ПОПОВСКИ
-ЛАЗАР ТРАЈКОВ
-ДАНЕ КОСТОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ГОРНА БОШАВА" ИЗБРАН Е ДАРКО НАЈДОВ.

2. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ДОЛНА БОШАВА"
-ЗОРАНЧО РИСТОВ
-ЗОРАН СТАФИЛОВ
-ЉУПЧО ПЕТКОВ
-ЃОКО АТАНАСОВ
-ИФТИМЧЕ ПЕТКОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ДОЛНА БОШАВА" ИЗБРАН Е ЃОКО АТАНАСОВ.

3. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "КРЊЕВО"
-МИЛЕ СЕКУЛОВ
-ДОБРИНЧО БОГЕВ
-БЛАЖО ПАВЛОВ
-МАКЕДОНКА ИЛИЕВСКА
-ВЛАТКО АТАНАСОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "КРЊЕВО" ИЗБРАН Е БЛАЖО ПАВЛОВ.

4. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ЧЕМЕРСКО"
-ТРАЈКО ТАСЕВ
-ИГОР СТОЈАНОВ
-ЗЛАТКО ЈОВАНОВ
-БЛАГОЈ ВАСИЛЕВ
-ЉУПЧО ЈАНЕВСКИ
-МИЛЕ КРСТЕВ
-ЃОКО НИЧКОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ЧЕМЕРСКО" ИЗБРАН Е ТРАЈКО ТАСЕВ.

5. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "СТРАГОВО"
-ЗОРАНЧО ДОБРИНОВ
-ПЕРО ДОБРИНОВ
-ДРАГАН СТОЈАНОВ
-ГИЧО ТРАЈКОВ
-ЗОРАН ПЕТРОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "СТРАГОВО" ИЗБРАН Е ЗОРАНЧО ДОБРИНОВ.

6. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "КОНОПИШТЕ"
-ГОРАН ТОДОРОВ
-БЛАШКО СТЕФАНОВ
-ОРЦЕ НАЈДОВ
-ИЛЧО АНДОНОВСКИ
-АТАНАСКО ТАСЕВ
-БЛАЖО НИКОЛОВ
-МАРЈАН МАРКОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "КОНОПИШТЕ" ИЗБРАН Е ГОРАН ТОДОРОВ.

7. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "РАДЊА"
-ТАШО РАДЊАНСКИ
-МИТО ПОПОВ
-ТОНИ СТОЈАНОВСКИ
-МИТРЕ ДИМИТРОВ
-РИСТЕ ТАШЕВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "РАДЊА" ИЗБРАН Е ТАШО РАДЊАНСКИ.

8. СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "БУНАРЧЕ"
-НАЌЕ ТОТОВСКИ
-ЖИВКО ПАВЛОВ
-ДИМЧЕ АНЃЕЛОВ
ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "БУНАРЧЕ" ИЗБРАН Е НАЌЕ ТОТОВСКИ.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
Лилјана Митрова
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**